Трајан ПАНЕВ

# ОСНОВНИТЕ ПРИОРИТЕТИ ВО НАЦИОНАЛНАТА И ВОЕНАТА СТРАТЕГИЈА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

По распаѓањето на СССР и осамостојувањето на неговите републики, Руската Федерација, како нова држава во меѓународната заедница, се соочи и со нова меѓународна позиција. Променетиот воено-политички баланс на силите во Европа во полза на Запад, а првенствено на САД, како и намаленото влијание на Руската Федерација врз процесите во Европа, но и пошироко, пред руското раководство го постави прашањето за формулирање на нова национална стратегија спрема меѓународната заедница. Во таа смисла, поаѓајќи од општата концепција за безбедноста инаугурирана уште од времето на Горбачов, а врз основа на официјално усвоените погледи и проценки на меѓународните односи во европски и регионални рамки, руското раководство кон крајот на 1993 година ги утврди патиштата и средствата за обезбедување на својата воена безбедност, но и приоритетите во остварувањето на својата политика во сферата на меѓународните односи, презентирани во документот под наслов „Основните поставки на воената доктрина на Руската Федерација", усвоен на 2 ноември 1993 година.

Општо познат е фактот дека Руската Федерација не располага со голема економска моќ и политичка сила со која решавачки би влијаела врз тековите на меѓународните односи, но таа како голема нуклеарна сила значајно влијае врз севкупните меѓународни процеси и односи, особено на подрачјето на Балканот – подрачје од стратегиски интерес за Русија. Оттаму, од практично-безбедносен аспект, како еден од факторите во разрешување на косовската криза, која има силно влијание врз безбедноста на Балканот, а во тој контекст и врз безбедноста и интегритетот на нашата држава, мошне значајно е да се познава воено-политичката доктрина и стратегија на Руската Федерација на глобално, но и на регионално ниво.

Под влијание на движењето на „перестројката", на внатрешен, како и на „новото политичко мислење", на надворешен план, што започна во втората половина на 80-тите години на чело со Горбачов,

настанаа крупни промени во внатрешната и надворешната политика на СССР, до неговото распаѓање, а потоа и во Руската Федерација. Се напушти концептот за неизбежноста од судир меѓу светот на капитализмот и светот на социјализмот, а се прифати ориентацијата за меѓузависност во развојот на државите и коегзистенцијата, како основа за демократизирање на меѓународните односи, јакнењето на интернационалната доверба и безбедноста и за подобрување на односите со САД и З. Европа. Во исто време, демократизацијата на внатрешните односи, приватизацијата и прифаќањето на пазарното стопанство и политичката парламентарна демократија, како и респектирање на правото на самоопределување на земјите од Источна Европа и сфаќањето на потребата за економска и технолошка соработка меѓу државите, овозможи создавање на поволна меѓународна политичка клима и свртување на односите со другите земји, а особено со САД, од блоковско заострување и „внатрешно дисциплинирање" кон взаемно разбирање, договарање и соработка.[1]

Согласно со тие определби, во СССР беше напуштена и политиката од позицијата на сила и политиката на создавање на интересни сфери и на интервенции во други земји, како и трката во вооружувањето. Многубројните мировни иницијативи кои произлегоа од ваквата ориентација на СССР, а кои наидоа на соодветен одглас кај спротивната страна, придонесоа за започнување на процесот на разоружување, што резултираше со спогодбата за уништување на ракетите од среден и краток дострел во Европа и спогодбата за намалување на стратегиското (нуклеарно) оружје и конвенционалните сили во Европа, познати како СТАРТ И и СТАРТ II.[2] Како резултат на објективните потреби и на промените во односот на силите (на економски, технолошки, политички и воен план), миројубивата советска надворешна политика, а во тие рамки покасно и политиката на Јелцин во Русија, доведе до распуштање на Варшавскиот договор (01.07.1991 година) на СЕВ (28.01.1991) и на СССР (26.12.1991 година), како и престанокот на советската, односно руската интересна сфера

---

1. Види пошироко: М. Горбачов, Перестројка, Култура, Београд, 1986 година.

2. Пошироко за договорите СТАРТ, СИПРИ, Годишник за 1993 год., стр. 93-96. За значењето, смислата и динамиката на процесот на разоружување види пошироко кај С. Димишковски, истото дело, стр. 308-318.

во Источна Европа, а со тоа во прилична мера и надминување на поделбата на Исток и Запад.

Таквата надворешна и внатрешна ориентација на СССР, што започна со доаѓањето на М. Горбачов на чело на советската држава, доведе до крупни промени и во воената политика. Причините за промените во воената политика на Советскиот Сојуз, до неговото распаѓање, можеме да ги лоцираме во „новиот начин на воено-политичкото мислење" на највисоките раководители на тогашниот СССР, односно, нивните проценки и ставови за карактерот на промените, процесите и тенденциите во развојот на меѓународните односи, во барањата на „перестројката" за раздвижување на вкупниот економски и политички живот на „нови основи" во услови на енормно економско и технолошко заостанување на земјата и решавањето на најсложените воено-политички прашања сврзани за безбедноста на државата.

Во конципирањето на новата воена политика на тогашниот СССР се тргнало од следните основни проценки и ставови:

1. Дека меѓународните односи, односно односите меѓу државите, сè повеќе ќе се обликуваат и засновуваат врз економски и технолошки, отколку врз воени, идеолошки и други традиционални мерки на моќта.

2. Дека политиката од позиција на сила е надмината форма на однесување на државите во меѓународната заедница и дека „во современите услови нема алтернатива на мирољубивата коегзистенција, рамноправноста и на меѓународната соработка и разбирање меѓу сите држави на светот, како и тоа дека се создадени објективни услови во кои спротивностите меѓу капитализмот и социјализмот мораат да се решаваат исклучиво со мирно натпреварување.[3]

3. Дека општочовечките цивилизациски, економските и другите интереси мораат да имаат приоритет во однос на идеолошките и класните интереси кога станува збор за решавање на проблемите на мирот и војната и кога се разгледува односот спрема употребата на сила во меѓународните односи.[4]

---

[3] Д. Јазов, Воена доктрина на Варшавскиот договор - доктрина на заштита на мирот и социјализмот, Москва, Правда од 27.07.1987 година.

[4] М. Горбачов, Реалност и гаранција за обезбедување на мирот, Москва, Правда, 8.02.1988 година.

4. Во услови на силно изразена економска криза и блокирање на економскиот, технолошкиот, културниот и демократскиот развој, земјата треба максимално да се растовари од оние обврски и доктринерни пристапи (финансиска и воена помош на социјалистичките држави и револуционерни движења во светот) кои земјата ја оптоваруваат како на економски, така и на воен план, а притоа да не биде доведен во прашање постигнатиот паритет и безбедноста на државата.

5. Процесот на „перестројката“ и „новото политичко мислење“, кои беа замислени како барања на патишта за остварување на подобар и похуман социјализам и зачувување на единството на земјата, придонесоа и за менување на дотогашните сфаќања за воената политика за која беше карактеристична трката за вооружување и настојувањето по секоја цена да се одржи стратегиска рамнотежа, односно одговор на сите американски предизвици и потези. Во таа смисла, новата воена политика е конципирана така „да може да обезбеди поголема еластичност и динамизам и за најсложените воено-политички прашања и на тој начин да обезбеди остварување на двојна цел: Одржување на паритетот на што пониско ниво и на тоа ниво истовремено да ја гарантира безбедноста на земјата во поглед на способноста за „возвратен удар“.[5]

Врз основа на ваквите проценки, промовирана е и новата воена стратегија на Советскиот сојуз – т.н. стратегија на „разумна доволност“, чија основна цел е одбрана на државата во услови на нова прераспределба на економските, технолошките, политичките и воените односи на силите и моќта на глобален и европски план. Стратегијата на „разумна доволност“ во практиката би се изразувала на следниот начин:

1. Со надминување на конфронтацијата произлезена од идеолошките спротивности, тогашниот Советски сојуз ја напушта тезата за неизбежноста на војната со капиталистичките земји, а пред сè со САД.

2. Принципот на воената надмоќност се заменува со принципот на глобална рамнотежа и доволност на силите за одбрана, со кои може да се спречи евентуалната агресија или да се обезбеди соодветен

5. Види пошироко: С. Димишковски, Војна, војска и политика, ..., стр. 300-305.

одговор на таквата агресија. Притоа, се поаѓа од оценката дека одржувањето на нуклеарниот паритет со САД на стратегиско ниво е потребен и во исто време клучен фактор во сите настапи во сферата на воената политика, но за спречување на агресијата не е неопходно да се има симетрична и на висок ниво стратегиска рамнотежа. За тоа е доволно да се употреби и помал дел на сегашниот стратегиски потенцијал, а да се постигне ист ефект.

3. Се поаѓа од оценката дека во евентуалната нуклеарна војна не може да биде никој победник, па оттаму се истакнува потребата од постојано, но рамноправно преговарање и повик за разоружување, односно постепено намалување на нуклеарното, но и на конвенционалното оружје, со што би се растоварило стопанството од големите издатоци за воените потреби и нивно насочување во економскиот и вкупениот општествен развој.

4. Модернизација и нова структура на вооружените сили која ќе биде доволна за одбивање на можната агресија, но недоволна за „проекција на силите" надвор од територијата на Советскиот Сојуз, со што во потполност се нагласува одбранбениот карактер и воената стратегија;

5. Реорганизација на системот на раководење и командување во воружените сили и негово приспособување за водење на стретегиски операции на одделни војништа и војувалишта во сите услови (конвенционални и нуклеарни), за успешно парирање на дејствата на армиите на НАТО и сообразување на мирновременската организација на системот на раководење и командување со војнената, а со тоа и надминување на проблемите кои неизбежно се појавуваат во почетниот период на војната.[6]

6. Новиот концепт на изведување на стратегиските операции на конвенционалните сили кој би се темелел врз: изведување на просторно длабоки операции на европското војниште, исклучително силна огнена поддршка, примена на силни оперативно-маневарски групи и употреба на воздушни десанти од самиот почеток на војната, како одговор на доктрината на воздушно-копнената битка и на оперативниот концепт на НАТО-ФОФА.[7]

---

6. Д. Јазов, Исто.
7. С. Димишковски, Исто дело, стр. 307-308.

Распаѓањето на воено-политичките и економските структури во Источна Европа (ВД и СЕВ) и дезинтеграцијата на СССР, со што од политичката сцена ја снема една од супер силите, од основа го измени воено-политичкиот баланс во Европа во полза на Запад, а првенствено на САД. Самите тектонски промени не влијаеја на зголемувањето на кој било вид на воена опасност на Руската Федерација, меѓутоа, поради променетиот политички баланс на силите, дојде до намалување на можноста за какво било влијание на Русија врз процесите во Западна Европа, а во одредена смисла и во другите делови на Континентот, но и пошироко. Во исто време, по распаѓањето на СССР и осамостојувањето на нејзините републики, Русија се најде во нови, специфични околности: од голема сила стана територијално голема земја, со огромни потенцијали, но со скромни можности. Распаѓањето на Советската федерација остави огромни последици на оваа земја. Русија е сега економски неразвиена земја на која ѝ е потребен капитал за да воспостави основа за натамошен развој. Политички гледано, тоа е земја со силно изразени политички проблеми и внатрешни етничко-територијални спорови и судири (Чеченија прогласи независност, кон тоа се стреми Татарстан, а во послдно време и Дагестан), со недоволно дефиниран политички систем и со сложен политички живот.

Како нова држава во меѓународната заедница, Русија се соочи и со нова позиција, која бараше да се формулира и нова национална стратегија спрема меѓународната заедница.[8] Земајќи ја предвид сложеноста во внатрешниот политички и економски развој, руското политичко раководство во меѓународните односи постепено го усвојуваше прагматичниот принцип на однесување, кој во практиката се искажуваше како неснаоѓање, лутање и нејаснотија во дефинирањето на својата стратегија на национална безбедност. Ваквото контрадикторно надворешно-политичко однесување на Русија (сè до кулминацијата на босанската криза во февруари 1994 година) се движеше во две насоки. Од една страна, руското раководство, соочено со огромни внатрешни проблеми, а стремејќи се за спроведување на радикални реформи, и сфаќајќи дека тоа може да го оствари само ако

[8] Ј. Курјак, Стратегија националне безбедности Русије, „Воено дело", - бр. 4-5/1997, стр. 24-51.

соработува со земјите кои во тој поглед беа понапредни, а не да ги антагонизира односите со нив и да се судира (потреба од мирно меѓународно опкружување),[9] се однесуваше исклучително кооперативно во спроведувањето на американската и западноевропската политика во ОН, па според тоа и во поглед на разрешувањето на регионалните кризи, особено на ју-кризата. Од друга страна, Русија играјќи на временскиот фактор и на спротивностите меѓу европските западни фактори, на еден, повеќе би рекле, суптилен отколку принципиелен начин, оневозможувајќи го воведувањето на дополнителни казнени, првенствено воени мерки против СРЈ, односно против Србите во Босна, се инволвира како еден од решавачките фактори во поглед на ју-кризата и односите на Балканот – подрачје од руски стратегиски интерес. Мотивите, односно глобалните надворешно-политички амбиции и цели на Русија, беа врзани за нејзиното настојување да ја консолидира својата положба во Советот за безбедност и во ООН во целост, во што покус рок да биде вклучена во процесите на европската интеграција, како и да обезбеди краткорочни приоритети во поглед на барањата за доделување на западни кредити. Остварувањето на сето тоа на Русија објективно ѝ наметнуваше воздржаност во сите отворени европски и светски прашања, а особено во поглед на кризното жариште, како што е бившото југословенско. Меѓутоа, Русија како голема воена сила водена од сопствените интереси, благодарејќи на прагматичниот однос спрема надворешниот свет успева за релативно кратко време да ги стабилизира своите односи со Европската унија, со Кина и земјите од Далечниот Исток, особено со Јапонија, да ја консолидира својата положба во Советот за безбедност и во ООН и активно да се вклучи во изградбата и зачувувањето на системот на европската безбедност. Како приоритети во надворешно-политичката активност на Русија, со одредени недостатоци во групирањето, можат да се издвојат четири групи на приоритети значајни за формулирањето на нејзината национална стратегија.

Првата група на приоритети се однесува на решавањето на внатрешните руски проблеми кои се мошне сложени и тешки, а се од животно значење и интерес за Руската Федерација. Имајќи ја предвид

---

[9] В. Вереш, Нова спољна политика Русије, од светских претензија ка реализму, Међународна политика бр.1, 1009-11 од 1.10. – 1.12.1992, Београд, стр.18

ваквата состојба, а поаѓајќи од ноторниот факт дека од стабилноста на внатрешната ситуација, во крен случај, зависи и стратегијата на Русија во меѓународните односи, руското раководство, како приоритет број еден го поставува зачувувањето на територијалниот интегритет на државата и обезбедување на економскиот и политичкиот развој на земјата.[10] Во таа насока, по тригодишно лутање во изборот на патиштата и формите на развој, руското раководство го напушта методот на копирање на моделот на пазарно стопанство и политичка демократија од западните земји и тн. „шок-терапија", која според руски оценки имала катастрофални последици по националната безбедност на земјата, а го прифаќа новиот правец на развој, одреден како комбинација на веќе познатите западни искуства со специфичностите на руското економско, политичко и културолошко битие.[11]

Ваквиот приоритет, како што покажуваат анализите за рускиот надворешнополитички настап по 1995 година, доведе и до корекција во руското однесување спрема некои прашања од европската безбедност, како што се: односот спрема иницијативата „Партнерство за мир" и генерално спрема НАТО, како и спрема најблиското соседство.

Втората група приоритети се однесува на „првите соседи" – бившите советски републики, а по распаѓањето на СССР независни држави, кои заедно со Русија, формираа Заедница на независни држави. Според тоа како е конципирана оваа недржавна и наддржавна организација, таа во многу нешто е недефинирана и непродуктивна.[12] Од почетокот на неговото формирање руското раководство настојува овој сојуз да го стабилизира, а потоа и трансформира во организација на постсоветски геополитички простор според руски интереси, поаѓајќи од тезата дека ЗНД, во колку затреба, би можела да биде и некој

---

10. Според Институтот за Географија на Руската академија на науки, бројот на внатрешните судири во Руската Федерација и натаму се зголемува. Некои од нив се интензивираат во различни фази на манифестирање, и тоа од барањата за разни „специјални статуси" од етничките групи, преку примерите за конфедерализација на одделни територии, па сè до стремежите за насилно отцепување на некои републики (Чеченија, Дагестан) од составот на Руската Федерација (Т. Милинковиќ, *Кавкаски круг смрти*, „Вечерње Новости", од 12 март 1992 година).

11. За катастрофалните последици произлезени од „Шок-терапијата" на Ц.Сакс за националната безбедност на Русија види: Ј. Курјак, Исто, стр. 40.

12. Дека ЗНД е непродуктивна и недефинирана зборува и актот за нејзино формирање во кој е предвидено само зачувувањето на единството во управувањето со нуклеарниот потенцијал и на Русија ѝ е даден мандатот да го застапува државниот континуитет на бившиот СССР во меѓународните организации, додека други заеднички активности не се предвидени.

вид на баланс на НАТО, или во најмала рака на движењето „партнерство за мир". Меѓутоа, со текот на времето од државите - членки на ЗНД доаѓаат сосема спротивни тенденции. Имено, овие држави и покрај високиот степен на економска и военостратегиска зависност, сакаат да ја сочуваат својата каква-таква независност или во постојниот однос на силите што повеќе да се оддалечат од Русија и да се приближат кон запад, односно кон некои азиски земји.

Третата група на приоритети ги опфаќа бившите источноевропски земји кои беа во сферата на советско влијание. Овој регион за Русија има значење во мера во која земјите на Источна Европа се приближуваат кон Запад. Рускиот интерес во современи услови е земјите од овој регион да задржат некој вид воена неутралност и да не се вклучуваат во НАТО. Меѓутоа, земјите кои беа во сферата на влијанието на советската држава мошне брзо се свртеа кон Запад, вклучувајќи се во сите текови и процеси на европската безбедност и соработка и во НАТО (Полска, Унгарија и Чешката Република) и тоа како рамноправни членови, што за Русија претставуваше дополнително оптоварување за нејзината безбедност бидејќи со тоа се создава нов стратегиски однос во меѓународната заедница, а особено во Европа, ако се земе предвид можноста од разместувањето на нуклеарното оружје на териториите на новите членки на НАТО. Ваквиот развој на ситуацијата, како што се оценува во владејачките руски кругови, најдиректно би ги загрозил границите и безбедноста на Русија.

Четвртата група на приоритети е сврзана за регулирањето на односите со земјите од Западна Европа, а пред сè со НАТО, чија стратегија на ширење спрема Исток, за Русија претставува сложена енигма. По однос на прашањата за приближување на Русија кон Европскиот систем на колективна безбедност, а особено во однос на ширењето на НАТО кон Исток, кон крајот на 1994 година и покрај идеолошките, политичките, стратегиските и тактичките разлики што постојат помеѓу надворешно-политичките концепции на политичките партии, постигната е согласност преку изборот на т.н. компромисен пат во надворешно-политичката стратегија, со кој ќе се настојува да се спречи ширењето на НАТО кон источно-европските земји и бивши републики на СССР и тие да се упатат на соработка со Европската унија, сметајќи дека воената и воено-политичката соработка со Запад

може полесно да се оствари по линија на Европската унија отколку по линијата на НАТО. Ваквиот пристап претставува враќање на Русија на концепцијата на „општоевропскиот дом", која подразбира рамноправно вклучување на источно-европските држави, Русија и бившите советски републики во европската заедница на народите и тоа во три етапи:

1) ширење на западно-европската интеграција на Источна Европа и Прибалтикот;

2) создавање и развој на источно-европската интеграција од земјите на ЗНД или барем на дел од нив, и

3) постепено приближување, а потоа и стопување на двете интеграции во единствена интеграциона целина.

На тој начин, според оценките на руското раководство, би се создала заедница која би се простирала од Ванкувер до Владивосток.[13] Во врска со тоа, руското раководство предлага и создавање посебен систем за остварување на општо-европската безбедност, кој би се формирал врз основа на реформираните институции на НАТО, ОБСЕ и програмата „Партнерство за мир", и во кој одлуките би се донесувале врз основа на позитивните принципи од Лигата на народите и Организацијата на Обединетите нации. Во исто време, Институтот за одбранбени истражувања на Русија во 1995 година понудува предлог за однесување на Русија во постоечките околности назначен како „Концептуална стратегија на противдејства предизвикани од надворешните притисоци на безбедноста на Русија". Според оваа предлог-студија која авторите, но и некои елитни кругови на руската надворешна политика, ја сметаат за крајна солуција, основни иницијатори за ширење на НАТО кон исток се: Германија и САД. Затоа, за да не ѝ изненади Русија, потребно е да се преземат следните контрамерки од страна на руското раководство: да се формира воен блок од државите-членки на ЗНД, како противтежа на НАТО и да се потпира на нуклеарното оружје, бидејќи Русија прави премногу отстапки на Запад во врска со копненото оружје. Главна потпирка би требала да биде тактичкото нуклеарно оружје, кое би било разместено во Белорусија и Калињинградската област, на крајбрежјето на Балтичкото Море, на Кољскиот

[13] Ј. Курјак. Исто, стр. 45.

Полуостров, военthe бази на Крим и во кавкаските републики. Во случај да биде донесена одлука за прием на прибалтичките земји во НАТО, според оваа студија, на нивната територија мора да се распореди руска војска. Покрај тоа, во односите со САД се поаѓа од проценката дека Русија поседува доволно „убедливи аргументи“ како што се ракетниот потенцијал доволен за возвратен удар и продажба на нуклеарното оружје на Иран, Ирак и Либија, со кои секогаш може да склучи воен сојуз.[14]

Колку и да се зборува во Русија за неприфаќањето на ширењето на НАТО кон исток, како и за непостоењето на услови прифатливи за Русија за соработка со НАТО и за опасностите од таквата политика по руската безбедност и по воспоставувањето на меѓународниот мир, руското раководство сепак прави чекор по чекор во изнаоѓањето на начини за соработка и со НАТО и со останатите институ-ции кои се занимаваат со прашањата на безбедноста во Европа. За тоа зборува Договорот за партнерство и соработка меѓу ЕУ и Русија, потпишан на 24 јуни 1994 год., како и договорот од Париз меѓу НАТО и Русија, потпишан на 27 мај 1997 г., со кои се регулираат нивните меѓусебни односи. Со тоа Русија всушност, и постанува составен дел на системот на колективна безбедност во Европа, што претставува значаен елемент во формулирањето на нејзината национална стратегија.

Во последно време руската надворешна политика е насочена кон создавање на мултиполарен свет во кој ќе се зголеми нејзината улога со оглед на фактот дека САД сакаат да играат улога на апсолутен лидер во меѓународните односи. За да им се спротистават на ваквите американски аспирации, Русија и Кина потпишаа Договор (на кој по војната на НАТО врз СРЈ се приклучи и Индија 1999) – најавен од големите соседи како модел за безбедноста во светот по студената војна и тоа во моментот кога НАТО продолжува со своите планови за проширување на членството за вклучување на земјите од поранешниот советски блок.[15] Договорот, како што се пренесува во Москва, ги изразува заедничките гледања на Русија и на Кина за

14. Дел од истражувачкиот проект е објавен во листот „Сегоднј“ од 20 октомври 1996, стр.3.

15. Договорот потпишан во Москва на 24 април 1997 година, назначен како договор за намалување на трупите, кој ги опфаќа Кина, Русија и поранешните советски централноазиски држави Казахстан, Киргистан и Таџикстан, всушност претставува надградба на Договорот за меѓусебна доверба, потпишан 1996 година во Шангај меѓу петте земји.

современата ситуација во светот, за тенденциите на развојот и приоритетите на двете земји во решавањето на проблемите што се јавуваат при формирањето на „новиот светски поредок" од страна на САД. Декларацијата одделно пропишува дека во никој случај не можат да се ограничат компетенциите на Советот за безбедност на ОН, напротив улогата на ООН и нејзиниот Совет за безбедност имаат потреба од засилување.

Со распаѓањето и фрагментацијата на СССР дојде до извесна модификација на Сурската воена стратегија на „разумна доволност". Имено, според она што своевремено го најави екс-министерот П. Грачев, во новата руска стратегија битни се две определби и тоа:

1) дека новата руска стратегија предвидува можност руската одбрана прва да го употреби нуклеарното оружје дури и во случај на напад со конвенционални средства, и

2) дека конвенционалните регионални судири се најголема опасност за нарушување на светскиот и регионалниот мир и безбедност. Ставот дека руската стратегија дозволува можност Русија прва да го употреби нуклеарното оружје може да се протолкува како предупредување на спротивната страна да не оди понатаму со развојот и усовршувањето на постојните стратегиски нуклеарни системи, со што би можело да се наруши постојната нуклеарна рамнотежа и паритет.

Всушност, како што заклучува С. Димишковски, можно е руската доктрина, во недостаток на други средства да ја преземе американската доктрина од првите повоени години – доктрината на масовна нуклеарна одмазда.[16] Имено, познат е фактот дека Американците во првите повоени години, со оглед на изразитата инфериорност во конвенционалните сили во однос на СССР се закануваа дека на секој напад од страна на тогашниот СССР и ВД ќе одговорат со масовна нуклеарна одмазда. Оттаму, може и да се разбере изјавата на Грачев, ако се знае фактот дека денес Русија не располага со такви конвенционални вооружени сили како што некогаш ги имаше СССР, туку единствено стратегиско средство кое ѝ стои на располагање се нуклеарните сили.

[16] С. Димишковски, истото дело, стр. 300-307.

Со менување на приоритетите на руската национална стратегија, понекогаш од тактички, но понекогаш и од стратегиска природа, Русија врши промени и во својата воена стратегија, приспособувајќи ја на новонастанатите услови во меѓународната заедница. Во таа смисла, Советот за безбедност на Руската Федерација ја одобри, а со Указ број 1883 на претседателот Јелцин од 2 ноември 1993 година стапи на сила новата воена стратегија на Русија, назначена како „Основните поставки на воената доктрина на Руската Федерација“.[17]

Во новата воена стратегија на Русија, приоритетно значење во спречувањето на воените и вооружените конфликти добиваат дипломатско-политичките, меѓународно-правните, економските и другите невоени средства, колективните активности на светската заедница, насочени спрема заканите на мирот, нарушување на мирот и спрема актите на агресија. Во исто време, Русија, придржувајќи се на принципите за мирно решавање на меѓународните спорови и другите општопризнати принципи на меѓународното право не смета ниедна држава за свој непријател и нема да ги употреби своите вооружени сили против која било држава, освен заради индивидуална и колективна самоодбрана во случај на вооружен напад на Руската Федерација и на нејзините сојузници.

Во најновата руска воена стратегија се дадени и основните определби на Руската Федерација во областа на нуклеарното наоружување. Се поаѓа од ставот дека Русија во овој период - период на воспоставување на руската државност, демократските реформи и формирањето на новиот систем на меѓународни односи, во кои доминантна улога имаат САД, мора да продолжи со одржувањето на воената рамнотежа и стратегиската стабилност и тоа, пред сè, со нуклеарните сили, но на многу пониско ниво. Ваквиот став на руската воена доктрина во сферата на нуклеарната компонента се потпира главно на два елемента: во економичноста во одржувањето на радикално редуцираните стратегиски нуклеарни сили и во можноста со такви редуцирани стратегиски нуклеарни сили да се одржува

[17] Текстот *Основни поставки на воената доктрина на Руската Федерациј*а е објавен во весникот „Известија“ од 18 ноември 1993 година.

стратегискиот паритет и стратегиската стабилност. Во исто време, активно залагајќи се за намалување на нуклеарното вооружување на минимално ниво, а со тоа и спречување на нуклеарна војна, руското раководство во перспектива ќе тежи и кон потполна ликвидација на нуклеарното оружје, но и на сите други видови оружја за масовно уништување.

Поаѓајќи од ваквите доктринарни ставови во сферата на нуклеарната компонента, Русија не планира да го употреби своето нуклеарно оружје против која било држава – потписничка на Договорот за неширење на нуклеарното оружје од 1 јули 1968 година, како и против државите кои не располагаат со нуклеарно наоружување, освен во случаите:

а) на вооружен напад од држава која не располага со нуклеарно оружје на Русија и на нејзините сојузници, и ако таа е поврзана со сојузен договор со држава која располага со нуклеарно оружје;

б) во случај на изведување заеднички дејства на таква држава и државите кои располагаат со нуклеарно оружје во вршење или поддршка на оружен напад на Руската Федерација, на нејзината територија, на вооружените сили и единици или на нејзините сојузници.[18]

Руската Федерација во обезбедувањето на својата воена безбедност ќе ги користи сите расположливи сили и средства, со давање приоритет на политичко-дипломатските и другите мирни средства. Во врска со тоа, Руската Федерација смета дека мора да располага со неопходни вооружени сили и други единици кои би се употребувале за извршување на следните задачи:

- заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет и другите животно важни интереси на Руската федерација, во случај на агресија врз неа или врз нејзините сојузници;

- спроведување на операции за одржување на мирот, по одлука на Советот за безбедност на ООН или во согласност со меѓународните обврски на Руската Федерација;

- прекинување (запирање) на вооружените конфликти на кое било противправно насилство на државната граница, како и на

---

[18] За целите на политиката на Руската Федерација во сферата на нуклеарното наоружување види пошироко: М. Петковић, *Геополитичке паралеле на прагу XXI века*, НИГП „Калеком“, Београд, 1997, стр. 97-99.

границите на други држави, во согласност со договорените обврски или во рамките на територијата на Руската Федерација кога се загрозени нејзините животно важни интереси.

Со оглед на фактот што значајна опасност за Руската Федерација претставуваат внатрешните вооружени конфликти кои можат да бидат искористени како повод на другите држави за мешање во нејзините внатрешни работи, а со тоа и можноста од разградување на државата, се предвидува употреба на вооружените сили и другите единици во следните внатрешни ситуации:

- противправни дејства на националистичките, сепаратистичките и другите организации насочени кон дестабилизација на внатрешната ситуација во Руската Федерација, нарушување на нејзиниот територијален интегритет со примена на вооружено насилство;
- обид за насилно рушење на уставниот и правниот поредок во државата;
- напад на нуклеарни енергетски објекти, објекти за хемиско и биолошко производство, магацини, складишта на оружја и други потенцијално опасни објекти;
- борба против организираниот криминал и активностите на бандите кои вршат диверзии и терористички акции, како и против паравоените вооружени формации на руска територија.

Целта на употребата на силите и средствата, ангажирани за локализација и прекинување на таквите внатрешни вооружени конфликти е што побрзо да се нормализира ситуацијата, да се воспостави законитост и правен поредок, да се обезбеди општествена безбедност, да се пружи неопходна помош на населението и да се создадат услови за регулирање на конфликтите со политички средства.

Новата констелација на силите на политички и воен план во Европа и во светот и новите глѐдања на Руската Федерација за проблемите на војната и мирот, како и опасностите кои произлегуваат од внатрешните вооружени конфликти обусловија промени и во јачината, структурата, борбениот распоред и задачите на вооружените сили на Руската Федерација. Основните напори во изградбата на вооружените сили, Руската Федерација ги концентрира во решавањето на следните задачи:

А. До 1996 година

- создавање на воени групации на територијата на Руската Федерација во согласност со нивната намена и задачи;
- усовршување на видовските структури на единиците и нивни хармоничен развој;
- завршување со повлекувањето на силите и единиците кои се разместени надвор од границите на Руската Федерација;
- продолжување со преодот на комбинираниот систем на пополнување на единиците со комбинирање на доброволната воена служба, односно професионализмот во вооружените сили, со служба која се темели на регрутирање на граѓаните во воена служба на екстериторијален принцип; и
- намалување на бројната состојба на вооружените сили до утврдено ниво.

Б. Во периодот од 1996 до 2000 година

- завршување на реорганизацијата на структурата на оружените сили, преодот на комбинираниот систем на пополнување на единиците, формирањето на воените групации (сили) и воената инфраструктура на територијата на Руската Федерација;
- обезбедување на материјална основа за натамошен развој на воено-индустрискиот комплекс и останатите економски, социјални и политички претпоставки кои ќе им овозможат на вооружените сили да ги извршуваат поставените задачи.

Приоритетна задача во изградбата на вооружените сили се дава на нивниот развој и на развојот на другите единици на Руската Федерација наменети за одвраќање од агресија (ракетните единици за стратегиска намена и нуклеарните потенцијали на ВВ и РВО и Воената морнарица), а потоа за развојот на мобилни сили во рамките на вооружените сили оспособени за брзо префрлување на одредени простори, развивање и водење на маневарско дејство на кој било правец или регион од каде што може да настане закана за безбедноста на Руската Федерација.

Во ситуација кога се наметнуваат некои ограничувања во употребата на силите на Црноморската и Балтичката флота, Руската Федерација настојува да ги организира заедничките сили на ЗНД. Тие заеднички сили би се состоеле од: стратегиски сили, сили за спречување на конфликтите на надворешните граници на ЗНД и сили за мировни операции и набљудувачи. Стратегиските сили би се состоеле од ракетните единици за стратегиска намена, од нуклеарните потенцијали на военото воздухопловство и воената морнарица, од системите за рано откривање, следење и известување за нуклеарната опасност и можноста од вооружен напад, од системот на противракетната одбрана и од делови на космичкиот систем. Силите за спречување на конфликтите на надворешните граници на ЗНД би се состоеле од мобилни сили, сили за брзо реагирање и сили за зачувување на правците и просторите од каде што може да настане закана за безбедноста на ЗНД и Русија и постоење на мировни сили за спречување на судирите во рамките на Заедницата, кои веќе се ангажирани во некои ситуации.

Врз основа на изнесените воени проценки на руското раководство, може да се заклучи дека целта на новата воена стратегија на Руската Федерација е одбрана на државата и дека нема намери за вршење на „проекција на силите" на меѓународен план. Меѓутоа, Русија која располага со такви респективни воени сили (особено нуклеарни), иако заговара дефанзива, во својата воена стратегија секако има и офанзивна опција. Таа се разгледува само во затворени кругови и од неа не може да се одрекне ни една сила од такви размери до колку не сака да заврши на маргините на светските воено-политички настани и еден ден да стане жртва на своите погрешни проценки. На нејзините политичари сè повеќе им станува јасно дека воено-политичките односи меѓу големите сили, односно пријателството меѓу нив е од краток век и дека од секоја акција следи нејзина спротивност, со откривање на вистинската смисла на претходните на-

---

[19] Прибалтичките држави бараат поморските сили на Балтичката флота да се отстранат од нивните територијални води, Украина бара дел од Црноморската флота, додека Турција под притисок на Запад и на САД може во секое време да го спречи излезот на Црноморската флота во Медитеранот. Пошироко за поморската стретегија на Русија: Б. Антић, Поморска стратегија Русије, Војно дело, Београд, бр. 1-2/1994, стр. 58-70.

стани. Дека е тоа така, потврдуваат различните струи во ЗНД, а една од нив упорно тврди дека на Запад и на САД не треба да им се верува, дека пополека се приближуваат кон руските граници, дека не е исполнето ниедно ветување дадено на претходниот и последниот советски режим, па ни на сегашниот, и дека од севкупната ситуација остварува само стратегиска предност. Тоа најдобро го потврдува Клинтоновата изјава дека, САД со сите средства, па и со сила, ќе го остварат „новиот светски поредок“.

*Клучни зборови:*
Национална стратегија, воена стратегија, Руска Федерација, приоритети, цели, средства, безбедност, одбрана

## SUMMARY

Trajan PANEV

### BASIC PRIORITIES IN THE NATIONAL STRATEGY OF THE RUSSIAN FEDERATION

As a new state in the International Unity, the Russian Federation has faced a new position, which required a new strategy towards the International Unity to be formulated. Taking in consideration the complexity of the internal political and economical development, the Russian leadership sub sequentially was adopting the pragmatic approach, which quite often is represented in practice as not being precise in the defining of a clear national strategy. Regardless, in very short time period it succeeded to stabilize the relationships with the EU, China, the sountries from the far East, the immediate neighbours and the UIS, as well as regulating the relationships with the countries from the West and East Europe, and above all, with USA and NATO - whose strategy of expanding towards East presents the main security challenge for Russia. In providing its own military security, Russia gives a priority to the resolving of the number of unresolved territorial issues, and above all to the concerting of the inter-nationality relationships. In this context is the protection of the sovereignty and the territorial integrity of the Russian state, form which, as a bottom line, the strategy for international relationships of the Russian Federation is dependant. In preventing the armed conflicts, the Russian Federation stands for application of the diplomatic and political measures in the frameworks of the UN and OSCE, and will use its armed forces only for its individual and collective self-defence (UIS), while the nuclear component will serve for sustaining the strategic parity and the strategic security in relation to the USA.